# Oestrofact® SILVER protect

## (Естрофакт® СИЛВЕР протект)

меки вагинални капсули

Oestrofact® SILVER protect (Естрофакт® СИЛВЕР протект) меки вагинални капсули создаваат заштитна бариера со цел да го изолираат и штитат ткивото од иритирачките агенси, со што се подржува одржување и обновување на нормалната физиолошка состојба на вагиналната слузница.

Oestrofact® SILVER protect (Естрофакт® СИЛВЕР протект) капсули се користат во третман на бактериски, габични и вирусни инфекции.

Oestrofact® SILVER protect (Естрофакт® СИЛВЕР протект) è медицинско средство со двојно дејство:
- го изолира третираното подрачје штитејќи го од надворешните патогени микроорганизми
- ја ограничува колонизацијата на микроорганизмите на третираната површина, создавајќи идеални услови за обновување на природната физиолошка состојба на вагиналната слузокожа.

Oestrofact® SILVER protect (Естрофакт® СИЛВЕР протект) вагинални капсули се брзо растопливи желатински капсули.

**Упатство за употреба:**
1) Пред употреба измијте ја интимната регија
2) Вметнете ја меката капсула длабоко во вагината
3) Повторувајте ја примената еднаш дневно во тек на седум дена.

Медицинско средство Oestrofact® SILVER protect (Естрофакт® СИЛВЕР протект) меки вагинални капсули треба да се применат кога ќе се јават првите симптоми како што се: чешање, печење, непријатност и сл.
Не è неопходно да се прекинува евентуална паралелна примена на топикална терапија.

**Предупредувања:**
- Средството користете го само во случај доколку епителот не è оштетен
- Не користете го производот во цели поинакви од тие што се наведени во упатството
- Пред употреба внимателно измијте ги рацете
- Не користете го производот после истек на рок за употреба наведен на кутијата
- Чувајте на собна температура и подалеку од извор на топлина
- Не замрзнувајте
- Чувајте вон дофат на деца
- Само за локална употреба – да не се голта
- Не користете ако пакувањето è отворено или оштетено
- Не користете во случај на позната пречувствителност на било која од компонентите
- Прекинете го третманот во случај на абнормални кожни реакции
- Во случај на подолга употреба консултирајте се со лекар
- Производот не è спермицид ниту контрацептив

**Контраиндикации:**
Не се забележени случаи на предозирање.
Да не се користи во случај на позната пречувствителност на компонентите.
Не се познати интеракции со лекови и други лековити супстанции.

**Услови на чување:**
Да се чува подалеку од влага и топлина. Ако è изложена кон сонцето, содржината може да поприми благо жолта нијанса; што не влијае врз нејзините функционални карактеристики и рок на употреба.

**Состав:**
Каприлни/капрински триглицериди, глицерил-стеарат, PEG-6 стеарат (i) гликол-стеарат (i) PEG-32 -стеарат, екстракт на Aloe barbadensis, TIAB® (микрокристален титаниум-диоксид со ковалентно поврзани јони на сребро), натриум-хијалуронат.

**Дата на ревизија:**
Ноември 2019

**Производител:**
NTC Srl.
Via Luigi Razza 3
20124 Милано, Италија

NTC Srl
Via Luigi Razza 3
20124 Milano, Italija

CE 0477

9°C 25°C

3306019-1

PHARMANOVA

| | |
|---|---|
| Proizvod/Product: **Oestrofact SILVER protect kapsule uputstvo** | |
| Zemlja/Country: **Makedonija** | |
| Dimenzije/Dimensions: **105x150 mm** | |
| Šifra pripreme/Item code: **3306019-1** | |
| Boja/Colour: **1/0 crna** | |
| Datum/Date of Issue: **02.03.2023.** | |
| Dizajn odobrio/Design approved by: **Tovirac Zoran** | |
| Text odobrio/Text approved by: **Tanja Matić** | |